# ПРОГРАМА
# ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2015 – 2020 (ревидирана)

## Предговор

Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија за 2015 – 2020 (во натамошниот текст: Програма) претставува основен документ на Владата на Република Македонија за планирање на развојот на локалната самоуправа и децентрализацијата. Таа беше усвоена во 2015 година, а ревидирана во 2018 година, согласно со:

- приоритети и целите од Програмата за работа на новата Влада за периодот 2017 – 2020 во однос на локалниот/територијалниот развој и децентрализацијата,
- наодите од Прегледот на реализацијата на Програмата изготвен по навршување на три години од почетокот на спроведувањето на Програмата, т. е. спроведувањето на првиот Акциски план (2015 – 2017), како и
- препораката од Извештајот за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 – 2020 за периодот 2015 – 2017 година[1], од која произлезе потребата за делумно ревидирање на текстот на Програмата, со цел таа да се усогласи со актуелните политики, приоритетите, стратешките документи и трендовите на одржлив локален развој и децентрализацијата во земјата, на европско и на глобално ниво.

Имајќи го предвид ова, но и со оглед на тоа што времетраењето и опфатот на неколку клучни стратешки документи врз кои е заснована Програмата веќе немаат важност или се ревидирани и дополнети, беше потребно приспособување на Програмата во согласност со нив.

Ажурирањето на текстот на Програмата е направено преку транспарентен процес и консултации со претставници на сите министерства и институции кои се вклучени во спроведувањето на Програмата, Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС), претставници на Бирото за регионален развој, претставници на граѓанското општество, деловниот сектор и други релевантни засегнати страни.

## I. ВОВЕД

Преку Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 – 2020 (во натамошниот текст: Програма) е операционализирана определбата на Република Македонија да продолжи со

[1] Усвоен со Заклучок на Владата бр. 44-2169/1 од 8.5.2018 година.

поттикнување на одржливиот локален развој, доброто локално владеење и создавање на услови за поактивна, поефективна и поиновативна улога на локалните власти во остварувањето на националните цели за раст и развој.

Оваа Програма е шести по ред плански документ посветен на натамошниот развој на децентрализираната власт во Република Македонија, од 1999 година до денес, што го покажува континуираниот интерес на македонската држава за постојан развој на локалната самоуправа, како ниво на власт кое е најблиско до граѓаните.

Во Програма за периодот 2015 – 2020 година одржливиот развој на локалната самоуправа продолжува да биде алатката за разрешување на предизвиците од локалните влијанија на политиките кои се однесуваат на подобрувањето на квалитетот на животот и зајакнувањето на економската, социјалната и територијалната кохезија. Основната идеја е дека подобрата вертикална и хоризонтална координација на националните и локалните политики и спроведувањето на интегрирани развојни проекти приспособени на локалните потреби и услови ќе доведе до поизбалансиран, територијално насочен локален развој.

Програмата е фокусирана, пред сè, на поддршка на политиките за: развој на локалната економија заснован врз знаење, намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, заштита на животната средина и промовирање на одржливиот локален развој. Воедно, со неа се потенцира потребата од натамошно унапредување на фискалната децентрализација, трансферот на нови надлежности на локалната самоуправа, подобрување на комуникацијата меѓу централната и локалната власт, како и зајакнување на капацитетите на локалните власти и институции, како едни од позначајните фактори во остварувањето на националните приоритети и цели и во исполнувањето на стандардите за пристапување во ЕУ. Притоа ќе се негуваат и унапредуваат придобивките од спроведувањето на процесот на децентрализација, а особено по однос на негувањето на демократските практики и одржувањето на добри односи меѓу заедниците.

При конципирање на Програмата беше земена предвид специфичноста на македонскиот систем на локална самоуправа, во однос на големината и видот на општините (урбани и рурални средини), квалитетот на инфраструктурата и услугите, карактеристиките на социјално маргинализираните заедници, специфичностите на пазарот на трудот, трендовите поврзани со староењето на населението и други демографски промени, одржливото користење на културното и природното наследство, влијанијата од климатските промени, користењето и ограничувањата на земјишните ресурси, институционалните и административните карактеристики, како и достапноста и врските меѓу руралните и урбаните области.

Во подготовката на оваа Програма земени се предвид и насоките и препораките на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа и ратификуваниот Дополнителен протокол на Европската повелба за локална самоуправа за правото на учество на граѓаните во работата на локалната власт. Исто така, земени се предвид заклучоците и препораките од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2016 година[2], во кој и понатаму

[2] Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia_mk.pdf

се констатира потребата во наредниот период да се обезбедат соодветни ресурси за поддршка на локалниот развој во поглед на поголема финансиска одржливост за извршување на одговорностите кои им се пренесени на општините и поголемо финансирање од централниот буџет и подигнување на капацитетот на општините за собирање даноци на локално ниво; транспарентна распределба на капиталните грантови на општините, како и зајакнување на капацитетите на локалната власт за соработка со граѓанските организации и подобрување на квалитетот и процедурите на општинските услуги за граѓаните.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА – ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Локалната самоуправа е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Уставот содржи пакет на одредби со кои се дефинира концептот на локалната самоуправа, се гарантира независноста на општините во остварувањето на нивните надлежности, како и специфичниот статус на Град Скопје како главен град на државата.

Република Македонија има едностепена локална самоуправа. Со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 55/04, 12/05, 98/08; 106/08 и149/14) локалната самоуправа во Република Македонија територијално е организирана во 80 општини и Град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, што произлегува од карактерот на градот Скопје како главен град на Република Македонија. Вкупно 43 единици на локалната самоуправа се со седиште во град, а останатите 37 се со седиште во село.

Според податоците од процената на населението на Државниот завод за статистика во 2017 година, вкупното население во државата изнесува 2.072.490 жители[3]. Демографските показатели покажуваат значајни разлики кои укажуваат на диспропорции во територијалната дистрибуција на населението. Во градовите живее 57,8 % од вкупното население, при што најголема е концентрацијата во Градот Скопје и во 13 општини низ земјата кои се населени со повеќе од 50.000 жители. Голем дел од селските населени места имаат изразито мал број на жители и набргу, поради нивната неповолна староснa структура (старо население), голема е веројатноста да останат без ниту еден жител.

Општините се надлежни за вршење на работи во следните области: урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште; заштита на животната средина и природата; локален економски развој; комунални дејности; култура; спорт и рекреација; социјална заштита и заштита на децата; основно и средно образование; здравствена заштита; заштити и спасување на граѓаните и материјалните добра; противпожарна заштита и други работи определени со закон.

[3] Статистички годишник на Република Македонија, 2017. Бројот на населението е пресметан врз основа на резултатите од Пописот на населението 2002, односно податоците за природниот прираст и механичкиот прираст.

Податоците од анкетното истражување[4] за локалното управување и обезбедувањето на локални услуги спроведено од страна на Министерството за локална самоуправа на крајот на 2017 година, упатуваат дека дел од општините не ги обезбедуваат соодветно сите јавни услуги определени со закон, што е особено изразено во делот на т.н. комунални услуги[5].

Своите надлежности општините ги вршат преку општинската администрација или преку основање на локални јавни претпријатија и јавни установи, а можат да го делегираат вршењето на одредени работи на други правни или физички лица, врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес, во согласност со закон. Заради поефикасно и поекономично вршење на надлежностите и за остварување на заедничките интереси и цели, две или повеќе општини можат да воспостават меѓуопштинска соработка.

Вкупниот број на вработени во општинската администрација во 2016 година изнесува 5.678[6], што е за 2.251 вработени, односно за речиси 65 % повеќе споредено со 2013 година.

Според податоците за реализацијата на расходите на општините во 2016 година (учество од 6 % во БДП), Република Македонија влегува во групата земји кои се децентрализирани. Во споредба со 2005 година, денес вкупните приходи на општините се зголемени за петпати (во 2005 година има реализација од 5,9 милијарди денари, во 2016 година од 29,8 милијарди денари). Во истиот период даночните приходи врз кои општината има автономија на наплата[7] се зголемени за повеќе од двапати. Учеството на локалните даноци во БДП од 1 % во 2006 година е зголемено на над 1,5 % во 2016 година. Во текот на наредните години и на среден рок се очекува општините да продолжат со трендот на подобрена наплата на сопствените приходи, зајакнување на капацитетите за развивање политики за финансирање на општините и јакнење на капацитетите за финансиско управување.

Резултатите од анкетата на задоволството на граѓаните од услугите што ги обезбедуваат локалните власти, спроведена во декември 2017 година[8], укажуваат дека во изминатите три години дошло до значително намалување на задоволството на граѓаните од услугите на локалната власт. Така, на скалата од 1 (целосно незадоволни) до 5 (целосно задоволни), просечното задоволство од услугите на локалната власт, мерено во сите 10 области од нејзина надлежност, изнесува 2,80. Просечната оценка на задоволството на граѓаните во 2014 година изнесувала 3,27.

---

[4] Истражување на задоволството на граѓаните од услугите на локалната самоуправа, декември 2017, УНДП.

[5] Тоа се пред сè услугите за: водоснабдување, одведување и пречистување на отпадните и атмосферските води; одржување на јавната чистота; справување со отпадот и депонии; гробиштата; јавните пазари; јавните паркиралишта; јавниот локален превоз на патници; регулирањето на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација и чистењето на оџаците, справување со животни скитници.

[6] Годишен извештај од регистарот на вработените во јавниот сектор во 2017 година, Министерство за информатичко општество и администрација.

[7] Сопствени извори на приходи на општината се локалните даноци, надоместоци и такси утврдени со закон, со кои самостојно располага. Општината се финансира и од дотации од државата и други извори на приходи, во согласност со закон, а има право и да се задолжува на домашниот и странскиот пазар на капитал, во согласност со закон.

[8] Истражување на задоволството на граѓаните од услугите на локалната самоуправа, декември 2017 г.

Граѓаните се генерално задоволни од услугите што ги обезбедуваат локалните власти, особено во сферата на: противпожарната заштита, како област со највисоки оцени, и образованието, културата и спортот. Послабо се оценети: комуналните услуги, урбанизмот и урбанистичкото планирање; како и демократијата, транспарентноста и отчетноста на општината. Најслабо се оценети областите: социјална заштита, особено во делот на обезбедување домови за деца без родители, установи за зависници од алкохол и домови за стари лица; локалниот економски развој, особено во делот на активностите за зголемување на вработувањето и поддршка на развојот на индустријата; и заштитата на животната средина.

Според наодите од истражувањето на задоволството на градоначалниците, советниците и општинската администрација, спроведено во 2013 година, поголемиот дел од анкетираните единици на локалната самоуправа немаат донесено интегрирани програми и акциски планови за локален развој, што претставува ограничувачки фактор за идниот развој на локалната самоуправа, нејзино приклучување кон остварување на макроекономските цели на земјата, како и на квалитетот и квантитетот на испорачани локални услуги на граѓаните.

Врз основа на ваквата состојба, како и врз наодите од Извештајот за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 – 2020 за периодот 2015 – 2017 година, беше констатирано дека основните предизвици на Република Македонија во остварувањето на целите за одржлив развој се:

- неусогласеност на законската регулатива со која се уредуваат секторските политики во однос на законите со кои се воспоставува системот на локална самоуправа,
- несоодветно спроведена фискална децентрализација,
- неконзистентност помеѓу различните политики во и меѓу секторите и на различните нивоа на власта,
- недостаток на административни капацитети во рамките на двете нивоа на власт, и
- недоволна соработка и координација меѓу институциите на национално и локално ниво при креирањето, спроведувањето и следењето на националните политики кои имаат влијание врз овластувањата на локалните власти поврзани со остварувањето на целите за одржлив развој.

## III. ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

### 1. Процес на идентификување на целите и приоритетите

Одредувањето на главната цел и приоритетните оски на оваа Програма е извршено врз основа на резултатите од консултативниот процес[9] спроведен од

[9] Спроведен согласно со Методологијата за следење на спроведувањето на Програмата за децентрализација и развој на локалната самоуправа 2011 – 2014 (усвоена од страна на Владата на

страна на Министерството за локална самоуправа, низ кој беа идентификувани главните предизвици со кои се среќаваат македонските општини денес. Во рамките на тој процес беа организирани:

- Десет тематски тркалезни маси и работилници со претставници на 51 национална институција (министерства, агенции, заводи), двете работни тела на Владата поврзани со процесот на децентрализација (Работната група за децентрализација и Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање), 13-те комисии на Заедницата на единици на локалната самоуправа и 15 домашни и странски експерти.

- Истражување во врска со аспектите на доброто локално владеење на локално ниво и обезбедување на локални услуги и во врска со реализацијата на Програмата за децентрализација и развој на локалната самоуправа за периодот 2011 – 2014 година и нејзиниот Акциски план за периодот 2012 – 2014, спроведено во 52 општини (65 %) и во Градот Скопје.

- Анкетно истражување на задоволството на граѓаните од локалните услуги засновано врз репрезентативен статистички примерок од населението, спроведено во 2014 и повторено во 2017 година.

- Редовни годишни истражувања на финансирањето на локалните власти во Република Македонија, од страна на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

- Истражување на постојната состојба со обезбедувањето на локалните е-услуги (во 33 општини и преку онлајн мониторинг на веб-страниците на сите општини).

- Четири конференции организирани од Министерството за локална самоуправа, посветени на политичките приоритети релевантни за децентрализацијата и одржливиот локален раст и развој во Република Македонија, во контекст на перспективи на идното членство во ЕУ и на новата глобална агенда на Обединетите нации: Трансформирање на нашиот свет: Агенда за одржлив развој 2030.

На почетокот на 2018 година е направена периодична процена и подготвен е Извештај за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 – 2020, за периодот 2015 – 2017 година.

Врз основа на горенаведените документи, направено е ревидирање на содржината на Програмата, согласно новите стратешки определби на Владата за продолжување на процесот на децентрализацијата, преку промовирање на локалниот/територијалниот развој како значајна компонента на националната политика за одржлив развој. Во овој процес на ревидирање е спроведен нов консултативен пристап со одржување на една работилница и една форумска сесија за јавно презентирање и разгледување на предложените измени и дополнување на текстот на Програмата во кој се вклучени сите релевантни институции и чинители кои се засегнати со Програмата.

При утврдувањето на главната и специфичните цели на Програмата земени се

---

Република Македонија во ноември 2012 г.).

предвид определбите од следните среднорочни и долгорочни плански документи на национално ниво:

- Програма за работа на Владата на РМ (2017 – 2020)
- Стратегија за реформа на јавната администрација (2018 – 2022)
- Фискална стратегија на Република Македонија (2018 – 2020)
- Програма за реформа на управувањето со јавни финансии (2018 – 2021)
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009 – 2019)
- Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2014 – 2020)
- Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија (2009 – 2030)
- Стратегија за животна средина и клима (2014 – 2020)
- Национална стратегија за заштита на природата (2017– 2027)
- Стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008 – 2020)
- Национална стратегија за води (2011 – 2041)
- Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 г.
- Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност во Република Македонија (2015 – 2020)
- Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија во Република Македонија (2016 – 2020)
- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија (2010 – 2020)
- Стратегија за родова еднаквост (2013 – 2020)
- Национална стратегија за развој на културата во Република Македонија (2018 – 2022)
- Национална стратегија за заштита и спасување 2014 –2018
- Индустриска политика на Република Македонија 2009 – 2020
- Стратегија за иновации на Република Македонија за 2012 – 2020
- Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план (2016 – 2019)
- Национална стратегија за туризам на Република Македонија (2016 – 2021)
- Стратегија за развој на полицијата 2016 – 2020
- Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2015 – 2020)
- Проценка на загрозеност на подрачјата на општините и Градот Скопје од сите ризици и опасности
- Регионалните стратегии за иновации
- Програма за реформа и зајакнување на административните капацитети за имплементација на законодавството за животна средина на локално ниво
- Други среднорочни и долгорочни плански документи за развој на одделни сектори.

Дефинирањето на приоритетните области на Програмата е во согласност со определбите на:

- Стратегијата на ЕУ 2020, за остварување на „одржлив, инклузивен и паметен раст“

- Регионалната стратегија за Југоисточна Европа 2020: Работни места и просперитет во европска перспектива

- Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) – Стратешки индикативен

документ на Европската комисија за Македонија(2014 – 2020)

- Глобалната агенда на Обединетите нации: Трансформирање на нашиот свет: Агенда за одржлив развој 2030.

## 2. Цели и приоритети на Програмата

Врз основа на констатираните состојби, а поаѓајќи од фактот дека зајакнувањето на локалните власти и подобрувањето на локалниот економски развој, во согласност со принципите на супсидијарност и партиципативен развој, ги помагаат социјалната кохезија, демократскиот развој и добрите меѓуетнички односи, беше утврдена **главната цел на Програмата:**

***Создавање на економски посилни, развојно ориентирани и инклузивни единици на локалната самоуправа, способни да обезбедат сеопфатен, иновативен и одржлив локален раст и развој на подрачјето на кое дејствуваат.***

Активностите за постигнување на главната цел се групирани во четири приоритетни оски:

- Кохерентни политики и институции за остварување на целите за одржлив развој.
- Раст заснован врз знаење преку зајакнување на локалната конкурентност и иновативност.
- Инклузивен раст, преку подобрување на квалитетот на живот.
- Одржлив раст заснован врз одговорно користење на природните ресурси.

Овие четири приоритетни оски се меѓусебно поврзани. Активностите кои ќе бидат утврдени за остварување на секоја од оските влијаат врз остварувањето на другите оски, па оттаму и потребата од синхронизирано спроведување на Програмата.

Приоритетните оски и очекуваните резултати во рамките на секоја оска се елаборирани подолу.

### Приоритетна оска 1: Кохерентни политики и институции за остварување на целите за одржлив развој

Особен фокус во оваа приоритена оска е ставен на вклучувањето на локалните власти во остварувањето на целите за одржлив развој и намалувањето на сиромаштијата како клучни предизвици на нашето време, усвоени на Самитот на Обединетите нации од септември 2015 година, и утврдени во новата глобална агенда Трансформирање на нашиот свет: Агенда за одржлив развој 2030.

Имено, комплексните предизвици на целите за одржлив развој не се однесуваат исклучиво на централната власт во една земја. Нивното остварување е директно поврзано со надлежностите на локалните власти, особено со нивната улога

во обезбедувањето на основните услуги, но и со нивната способност да промовираат интегриран, сеопфатен и одржлив територијален развој.

Ваквите глобални трендови ја наметнаа потребата локалните власти во Република Македонија да бидат вклучени како релевантни партнери во процесите за одржливиот развој на нашата земја. Во насока на т.н. *локализирање на целите за одржлив развој* ќе се направат реформи со кои ќе се создаде соодветна институционална рамка која овозможува различни форми на владеење, што вклучува различни нивоа на власт (multilevel governance).

Моделот на владеењето на повеќе нивоа заради постигнување на целите за одржлив развој ќе биде насочен кон: примената на принципот на супсидијарност, почитувањето на локалната автономија и заедничка доверба и структуриран дијалог меѓу актерите. Се очекува дека со тоа ќе се подобри кохерентноста (усогласеноста) на политиките и на институциите заради постигнување на целите за одржлив развој на локално ниво.

**Очекувани резултати:**

- Зголемена кохерентност меѓу законите со кои се уредуваат одделни сектори со системските закони за локална самоуправа, со што ќе се постигне консолидација на системот на локална самоуправа.
- Пренесени дополнителните надлежности и ресурси од државата на општините.
- Зајакнување на фискалната автономија и финансиската одржливост на локалните власти.
- Воспоставен модел на повеќеслојно владеење (multilevel governance) како предуслов за интегрирано програмирање, планирање и следење на целите за одржлив развој, преку кој ќе се овозможи промоција на локалните власти како ефективни партнери во спроведувањето на целите на одржливиот развој.
- Граѓанинот во центарот на политиките за остварувањето на целите за одржлив развој.

### Приоритетна оска 2: Раст заснован врз знаење преку зајакнување на локалната конкурентност и иновативност

За да се оствари локален раст заснован врз знаење, треба да се обезбеди конкретна и континуирана поддршка за применети истражувања и иновации во општините, како во однос на деловните активности така и во однос на локалните услуги.

Делокругот на локални надлежности овозможува да се спроведат комплементарни активности за развој на капиталната инфраструктура, подобрување на деловната микроклима, привлекување на инвестиции и зголемување на конкурентноста на локалната економија врз основа на компаративните предности и специфики на секоја единица на локалната самоуправа.

Во рамките на овој приоритет ќе се спроведат активности со кои се зголемува улогата на општините во однос на градењето на иновацискиот капацитет на претпријатијата и поддршката на претприемништвото на локално ниво, како и за понатамошен развој на дигиталното општество и културните и креативни индустрии во општините во Република Македонија.

**Очекувани резултати:**

- Сеопфатен, добро организиран и отворен пристап до образованието и обуките, со висок квалитет и применлива вредност во однос на економскиот развој и пазарот на трудот на локално ниво.
- Создадени предуслови за креирање на нови производи/услуги кои поттикнуваат раст и отвораат работни места и помагаат при решавање на општествените предизвици во рамките на локалната заедница.
- Зголемени капацитети за обезбедување на иновативни и поефикасни услуги за граѓаните.

**Приоритетна оска 3: Инклузивен раст, преку подобрување на квалитетот на живот**

Остварувањето инклузивен локален раст и развој е приоритетна оска на оваа Програма поради потребата придобивките од развојот да ги почувствуваат сите граѓани, без оглед на својот социо-економски статус, пол, етничка припадност и верска определба, а особено маргинализираните и ранливите групи.

Согласно со стандардите и добрите практики на ЕУ, постојните нормативни решенија во Република Македонија овозможуваат комплементарно вклучување на локалната самоуправа во системот на социјална заштита, бидејќи се создадени услови за воспоставување на институционални и вонинституционални облици насочени кон специфични потреби на поединци и загрозени групи на граѓани. Оттаму и потребата за зајакнување на улогата на локалните власти во справувањето со сиромаштијата и социјалната обесправеност, односно создавање на локални капацитети и ресурси во функција на градење на социјална кохезија и висок степен на толеранција и солидарност во локалната заедница.

**Очекувани резултати:**

- Повисок степен на социјална и територијална кохезија, намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на општините и подигање на квалитетот на животот на сите граѓани.
- Поефикасен јавен сектор на локално ниво способен да се справува со сиромаштијата и социјалната обесправеност и да обезбедува стабилни и предвидливи јавни услуги за граѓаните и деловните субјекти.

### Приоритетна оска 4: Одржлив раст преку одговорно користење на природните ресурси

Одржливиот локален раст и развој подразбира одржливо искористување на локалните ресурси за економски цели и развој на енергетска и транспортна инфраструктура, без притоа да се наруши квалитетот на животната средина и природата. Во основа, одржливиот раст цели кон постигнување на што е можно повисок степен на синергија помеѓу политиките за заштита на животната средина и социо-економскиот развој.

Делокругот на надлежности на локалната самоуправа во Република Македонија овозможува општините да го унапредат локалниот транспорт и управувањето со водите и отпадот, но и да спроведат конкретни мерки за подобрување на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија. Така тие на конкретен начин ќе придонесат за зачувување на животната средина и природата.

Инвестициите во еколошката инфраструктура и другите мерки за заштита на животната средина симултано остваруваат исклучително позитивни економски ефекти како во однос на заживување на специфични сегменти на пазарот (градежништвото и примената на нови технологии), така и во однос на подигнување на додадената вредност во содржината на локално произведените добра и услуги, засилувајќи ја на тој начин конкурентноста на локалната економија. Токму поголемата конкурентност со т.н. „еко“ услуги и производи може да го олесни преминот кон развоен економски модел заснован врз извоз.

Во спрега со развојот на човечкиот капитал преку стекнување на специфични напредни знаења и вештини за примена на „чисти“ технологии, моделот на одржлив локален раст резултира и со отворање на нови и квалитетни работни места. Исто така, подобрувањето на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливи извори на енергија создаваат значителни заштеди на финансиски средства, паралелно со придобивките во однос на животната средина и спречувањето на последиците од климатските промени.

**Очекувани резултати:**

- Адаптирање на локалните заедници кон климатските промени.
- Заштита на животната средина и промовирање на ефикасното искористување на природните ресурси на локално ниво.
- Поттикнување на локалната и регионалната конкурентност преку промовирање на зелениот раст како нов пристап кон економскиот раст.

## IV. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

На стратешко ниво, од Програмата се очекува да ги даде следните резултати:

- Консолидиран систем на локалната самоуправа.

- Зголемена ефикасност на политиките за одржлив локален развој преку поефикасна координација на политиките и институциите на национално и локално ниво.
- Поинклузивно планирање и следење на целите за одржлив развој.
- Поправедно обезбедување на услугите за граѓаните и деловните субјекти.
- Поодговорно управување и контрола на јавните финансии на локално ниво.
- Користење на алтернативни извори на финансирање и привлекување на инвестиции од страна на локалните власти.
- Зголемени капацитети на националните и локалните власти за креирање, имплементација и евалуација на одржливиот развој.

Спроведувањето на Програмата треба да влијае врз подобрување на квалитетот на животот на граѓаните преку создавањето на услови:

- Општините да бидат во центарот на одржливиот развој.
- Граѓаните да бидат вклучени со свое учество во креирањето и евалуацијата на јавните политики кои имаат влијание врз нивниот живот.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето и кофинансирањето на проектите утврдени во акциските планови (индивидуално или по пат на нивно комбинирање) ќе се врши преку следниве извори на средства:

- Буџетските алокации од Буџетот на Република Македонија за Министерството за локална самоуправа и за другите органи на државната управа кои се надлежни за реализација на одделни проектни активности.
- Буџетските алокации од Буџетот на Република Македонија за програмите за развој на секторските политики на министерствата/агенциите кои се финансирани од Буџетот на Република Македонија.
- Наменските средства од различни секторски и тематски фондови и финансиски инструменти на национално ниво.
- Буџетските алокации од буџетите на единиците на локална самоуправа за реализација на одделни секторски политики поврзани со целта на проектот.
- Средства по основ на донации и спонзорства.
- Поддршка од меѓународни донатори.
- Средства од претпристапната помош на ЕУ (ИПА 2014 – 2020) за соодветни компоненти и сектори, за поддршка на:
    - процесот на децентрализација и јакнење на системот на локална самоуправа, вклучувајќи го спроведувањето на релевантните политики и

закони[10],
  - локалната и регионалната конкурентност преку спроведување на интегрирани проекти во областа на туризмот,
  - прекуграничната соработка на општините.

- Други извори на финансирање.

## VI. СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Спроведувањето на Програмата се врши преку тригодишни акциски планови во кои се предвидуваат конкретни активности/проекти што треба да ги спроведат надлежните институции.

За координација на институциите вклучени во спроведувањето на Програмата и за презентирање на напредокот и недостатоците на политиките за остварување на Програмата пред Владата на Република Македонија, надлежно е Министерството за локална самоуправа. За таа цел ќе се зајакне системот на хоризонтална и вертикална комуникација и координација и ќе се обезбеди учество на голем број чинители, вклучително и на Заедницата на единиците на локална самоуправа.

Следењето на спроведувањето на Програмата и на двата акциски плана се врши согласно Методологија што ја усвојува Владата на Република Македонија.

[10] Предвидено е општините да добијат соодветна поддршка за јакнење на своите капацитети со цел да се подобри обезбедувањето на локалните услуги кон граѓаните и кон приватниот сектор. Исто така, предвидени се средства за овозможување на финансиска одржливост на единиците на локалната самоуправа преку спроведување на проекти за подобро собирање на сопствените приходи и засилена координација помеѓу нив за порамномерна дистрибуција на ресурсите. Еден од приоритетите за финансирање на општините преку ИПА е одржување на добри односи меѓу заедниците засновани врз начелата на меѓусебна толеранција и почитување.